АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 22-12-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 4714 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 6 декември 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 декември 2023 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01 - 4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 17.10.2023 година, за непочитување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-326 од 17.10.2023 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (7.11.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 6 декември 2023 година, на локално ниво, констатирано е дека **радиодифузерот во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***